**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува


Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PER SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar | 03-10-2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Njësia org. | Број / Numër | Прилог / Shtesë | Вредност / Vlerë |
| 10 | 4418 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје
3. **Период опфатен со надзорот:** 6 септември 2019 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 3 октомври 2019 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер)

6. **Претходно изречена мерка:** Нема;
7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз радио програмскиот сервис на ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 6 септември 2019 година, на регионално ниво, **констатирано е прекршување на членот 14 од Законот за медиуми.**

Во дел од програмите емитувани на 6 септември 2019 година, не се објавени податоците со кои: се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудио содржините, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник / уредниците на програмите, за потеклото и за датумот на продукција на аудио делата, името на медиумот од каде што е преземена содржината итн., што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Спротивно на точка 16 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, во програмата „Стенд ап Македонија (Stand up Македонија)", ниту на најавна, ниту на одјавна шпица не се објавени податоците за импресумот - авторската, реализаторска екипа, податоците за уредништвото и за датумот на продукцијата.

**6.09.2019 г.**

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитувањето** | | **Опис на прекршувањето** |
|---|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** | |
| "Стенд ап Македонија (Stand up Македонија)" | 00:00:58<br>01:58:46<br>04:00:42<br>05:20:00 | 00:31:13<br>02:29:00<br>04:30:57<br>05:50:14 | Ниту на најавна, ниту на одјавна шпица не се објавени податоците за импресумот – за авторската, реализаторска екипа, податоците за уредништвото и за датумот на продукцијата. |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми,** програмскиот сервис на ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, на 6 септември 2019 година, во емитуваната програма „Стенд ап Македонија (Stand up Македонија)", не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, и во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***